Врз основа на член член 34 од Статутот на Лотарија на Македонија АД Скопје, а во согласност со 383 став 1 т.8, 478, 479 од Законот за трговските друштва, Годишното Собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на ден 29.05.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За избор на овластен ревизор**

1. **Се овластува** ревизорската куќа ПЕЦЕВ Ревизија ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7408650 да врши ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2023 година, и Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи во групата ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2023 година.
2. Овластениот ревизор од точка 1 на оваа Одлука врши ревизија на финансиските извештаи на Друштвото и подготвува Извештај за извршената ревизија според Меѓународните ревизорски стандарди со ревизорско мислење.
3. Овластениот ревизор е должен да бара од членовите на Одборот на директори докази што се потребни за вршење на уредно испитување на финансиските извештаи.
4. Членовите на Одборот на директори се должни да му овозможат на овластениот ревизор од точка 1 на оваа Одлука увид во целокупната документација, вклучително и она што се смета за деловна тајна.
5. Се овластува Генералниот извршен директор на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје да го потпише Договорот со овластениот ревизор од точка 1 на оваа Одлука.
6. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е :**

Годишното собрание на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје на својата седница одржана на ден 29.05.2023 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-470/13**
**29.05.2023 година**
**Скопје**

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**Претседавач**
**Мирјана Настовска-Митрова**

-----------------------------------

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1